# УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

## ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО
ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ЗА
ПЕРИОДОТ ОД 2012-2014

Скопје, 2014

1. ВОВЕД ...................................................................................................... 4

2. МИСИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ........................................................................ 5
2.1. СТРАТЕГИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МИСИЈАТА .................................. 6
3. ЦЕЛИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ (ФФОСЗ) .................................. 7
4. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ (ФФОСЗ) .................................. 7
4. 1. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ (ФФОСЗ)................................... 7
4.2. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ .................................. 9
4.2.1. ОСНОВНИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ .................... 9
4.2.2. ДРУГИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ ........................... 9
4.2.2.1. Институт за научно-истражувачка работа во спортот .................... 10
4.2.2.2. Центар за анализа и обработка на резултати ...................................10
4.2.2.3. Центар за кариера .......................................................................... 10
4.2.2.4. Центарот за физичко образование ................................................... 10
4.2.2.5. Лабораттории ...................................................................................... 11
4.2.2.6. Одбор за соработка и доверба со јавноста .....................................11
4.2.2.7. Одбор за поддршка (алумни) на Факултетот ..................................12
4.2.2.8. Библиотека ........................................................................................ 12
5. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ ........................................................................ 12
5.1. ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ...................................................................... 12
5.1.1. Карактеристики на студиската програма - И циклус четиригодишни академски студии за физичко и здравствено образование................................................................. 13
5.1.1.1. Содржина на студиската програма за предметна настава по физичко образование или Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование............ 14
5.1.1.2. Број на студенти на Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование.............................. 18
5.1.2. Карактеристики на студиската програма - И циклус стручни студии за спортски тренери.................................................19
5.1.2.1. Студиска програма за спорт или И циклус стручни студии за спортски тренери....................... 19
5.1.2.2. Број на студенти на студиска програма за спорт или циклус стручни студии за спортски тренери............................ 21
5.2.2. Останати програми на И циклус......................................................... 23

6.НАСТАВНО-НАУЧЕН, СОРАБОТНИЧКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР........................................................................ 27
6.1. Наставно-научен и соработнички кадар............................................... 27
6.2. Административен кадар.......................................................................... 28
7. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ................................................... 29
7.1. Интердисциплинарност на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје............................................. 30
7.2. ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ........................................................... 31
7.2.1. Магистерски студии по кинезиологија................................................. 31
7.2.2. Магистерски студии по спортски менаџмент....................................... 32
7.2.3. Останати програми од втор циклус...................................................... 32
7.3. ДОКТОРСКИ СТУДИИ.......................................................................... 33
8. СТУДЕНТИ ............................................................................................... 34
8.1. Студентска анкета ..................................................................................... 35
8.1.1. Подготвеност на предавањата/вежбите.............................................. 35
8.1.2. Квалитет на изведувањето на наставата.............................................. 35
8.1.3. Редовност на часовите........................................................................... 36
8.1.4. Достапност за консулатции.................................................................. 36
8.1.5. Однос кон студентот.............................................................................. 37
8.1.6. Обезбеденост на материјал за учење.................................................... 37
8.1.7. Усогласеност на вежбите ....................................................................... 38
8.1.8. Корисност од практичната настава ....................................................... 38
8.1.9. Објективност во оценувањето................................................................ 38
8.1.10. Барања кои се поставуваат пред студентите .........................................40
8.1.11. Моето присуство на наставата беше......................................................40
8.1.12. Забелешка за подобрување на наставата ...............................................40
8.1.13. Мобилност на студентите ....................................................................... 41
9. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ ........................ 41
10. Логистика..................................................................................................... 44
11. Надворешна соработка................................................................................ 44
12. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ................................................ 45
13. ФИНАНСИИ ............................................................................................... 47
14. ЗАКЛУЧОЦИ ............................................................................................. 48

## 1. ВОВЕД

Овој извештај содржи внатрешна самоевалуација, односно оценување на работата на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, наставно-научниот и стручниот кадар и неговите студиски програми за периодот по 2012 година, кога е усвоен последниот Извешај за самоевалуација.

Во меѓувреме, како резултат на интердисциплинарниот пристап на кинезиологијата како наука, но и како резултат на широкото поле на интерес, што опфаќа не само едукација, туку и спорт и спортски активности и се разбира, здравје, бидејќи физичката активност може навистина да влијае на намалување на симптомите на некои болести и нивна полесна контрола (дијабетот, дебелината, покачениот крвен притисок, покаченото ниво на холестерол и триглицериди во крвта, деформитети на кичмениот столб и локомоторниот апарат и др.), но и подобар квалитет на животот, Факултетот се преименува во Факултет за физичко образование, спорт и здравје (ФФОСЗ). Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултет за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" е објавен во Универзитетскиот гласник бр. 278 од 04.02.2014 год. Во истиот гласник е објавена и одлуката за добивање на согласност за промена на името од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Во самоевалуацијата учествуваше комисија која со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот со деловен број 0201-289/16 е формирана на 14.04.2011 година. Комисијата ја сочинуваа: ред. проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска - претседател, ред. проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член, ред. проф. Роберт Христовски д-р - член, ред. проф. д-р Војо Настевски - член, ред. проф. д-р Орце Митевски - член, студент Румен Амповски - член и студент Филип Масевски - член.

Но, поради тоа што ред. проф. д-р Војо Настевски требаше да се пензионира, а двајцата студенти кои беа членови на оваа комисија, дипломираа, на 26 -тата седница на Наставно-научниот совет е донесена

одлука за измена и дополнување на одлуката за избор на Комисија за самоевалуација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", со дел. Бр. 0201-347/15 од 06.03.2014 година. Со истата, наместо ред. проф. д-р Војо Настевски, се именува ред. проф. д-р Небојша Марковски, наместо студент Румен Амповски - студентот Стефан Поповски и наместо студент Филип Масевски - студентот Александар Василевски. Комисијата со изменет состав ја сочинуваа:

- ред. проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска - претседател,
- ред. проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член,
- ред. проф. Роберт Христовски д-р - член,
- ред. проф. д-р Небојша Марковски - член,
- ред. проф. д-р Орце Митевски - член,
- студент Стефан Поповски - член и
- студент Александар Василевски - член.

За потребите на самоевалуацијата се земени предвид согледувањата на наставниците, соработниците, стручниот кадар и другите вработени на Факултетот. Освен тоа беше спроведена и анкета на студентите, за да се утврди и нивното мислење во врска со спроведувањето на наставата, видот на наставните содржини и начинот на нивното презентирање, односот на наставниците и соработниците кон студентите, начинот на спроведување на испитите и колоквиумите и формирањето на оценката.

Комисијата се состана повеќе пати, а сé со цел да се направи Извештај кој ќе ја отслика вистинската состојба.

## 2. МИСИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

Главната мисија на Факултетот е создавање на здрава популација на деца и млади кои наместо да застрануваат по несаканите патишта (наркоманија, пушење, алкохолизам), ќе ги насочиме кон физичката активност и спортот. За да може тоа да се оствари, потребно е Факултетот да образува кадри кои ќе бидат стручни и кои со личен пример ќе можат да им покажат дека физичката активност и спортот навистина значат здравје, подобар квалитет на животот во секоја возраст, но и помалку болести, не само на оние кои се поврзани со неактивност, како дебелина, деформитети и заболувања на рбетниот столб и стапалата, туку и намалување на симптомите на некои други хронични болести (шеќерна болест, хипертензија, ревматски заболувања, остеопороза и др).

Друга мисија на Факултетот е да се создаваат кадри кои ќе можат да работат со различни популации на единки и тоа, со децата уште од најрана возраст, бидејќи можат да придонесат во нивниот правилен развој, па сé до најстарата популација, за да им овозможат активен живот и самодоверба.

Притоа, откако децата ќе ги стекнат тие здрави навики, сигурно е дека ќе ги спроведуваат и применуваат до крајот на животот.

Трета мисија на Факултетот е да почне да се спроведува законот за спорт, со кој е предвидено во спортот да може да работат само кадри кои ги создава Факулетот и кои се единствено стручни за работа во оваа област. Во нашата држава има преку 2000 спортски клубови. Во некои од нив работат необразовани и нестручни лица, а со тоа можат многу повеќе да наштетат, отколку да им помогнат на децата, младите и возрасните категории во спортот, но и во рекреацијата.

Четврта мисија на Факултетот е како единствена институција која од научен аспект се бави со спортот да ги обедини сите стручњаци од разни области, кои се професори на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, а кои преку вклучување во тестирања на различно ниво можат да дадат придонес во подобрувањето на спортската форма и резултатите на спортистите.

Петта мисија е да се формира база на податоци која ќе може да се користи за споредување на резултатите од различни популации на луѓе, од различни држави, возрасти, пол и од различни спортови. Истата ќе може да се оствари кога ќе почне да функционира и Центарот за анализа и обработка на резултатите, во кој ќе можат сите студенти на прв, втор или трет циклус на студии да ги обработуваат резултатите за нивните дипломски, магистерски работи или докторски дисетрации.

Шеста мисија е воспоставување соработка со останатите сродни факултети во соседството, но и во Европа, преку учество во заеднични проекти и размена на студенти и наставно-научен кадар. На тој начин би се овозможило не само, приближување на наставните програми, туку и обука на наставниците во однос на методите и начините на спроведување на наставата и испитите.

## 2.1. СТРАТЕГИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МИСИЈАТА

1. За да ја оставри првата мисија, Факултетот треба да продолжи да ја спроведува наставата на постоечките додипломски (прв степен) студии во двете насоки - физичко и здравствено образование и стручни студии за спортски тренери по различни спортски дисциплини, постдипломски (кинезиологија и спортски менаџмент) и докторски студии по кинезиологија.
2. За да ја оствари вторага мисија, Факултетот треба да отвори нови насоки како: физичко и здравствено образование за предучилишна и одделенска настава, здравје, кинезитерапија, рекреација и др. Со што ќе се формираат високо стручни кадри кадри способни да работат со популации од најраната до највозрасната категорија. Освен тоа, оваа

мисија може да се оствари и преку вметнување на предметот физичко образование уште од предучилишната возраст со стручни лица од ФФОСЗ, но и зголемување на фондот на часови (најдобро 5 неделно), кои ќе можат да бидат мала противтежа  на целодневното седење на децата;
3. За да ја оствари третата мисија, треба Агенцијата за млади и спорт да почне да го спроведува Законот, според кој во спортските клубови можат како тренери да работат само лица кои имаат соодветно образование, спортски тренери по одредена дисциплина.
4. За да ја оствари четвртата мисија, треба вистински да функционира Институтот за научно-истражувачка работа во спортот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје;
5. За да ја оствари петтата мисија, треба вистински да функционира Центарот за анализа  и обработка на резултатите;
6. Шестата мисија може да се оствари преку заедничко учество на истражувачки проекти, со кои може да се споредуваат резултатите, но и да се утврдат насоките за во иднина и за поширок регион, потоа преку покана на професори од сродни факултети да предаваат на прв, но особено на втор или трет циклус студии.

## 3. ЦЕЛИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ (ФФОСЗ)

За да може Факултетот да ја оствари својата мисија, потребно е да се исполнат и целите на Факултетот, кои треба да помогнат во остварувањето на заложбата на наставниот кадар на Факулетот. Во таа смисла цели на Факултетот се:

- да се продолжи со едукација на кадри од постоечките студиски програми, но и да се отворат нови, кои ќе може создаваат стручњаци со потребни знаења и вештини кои ќе можат да го прошират полето на дејствување на Факулетот;
- да се овозможи дополнително професионално усовршување на професорите по физичко образование и спортските тренери со организирање на стручни и научни курсеви за континуирана едукација;
- поддршка на научно-истражувачкиот развој преку стручно усовршување на кадарот на Факулетот, но и соработка со срдони факултети од блиската и подалечната околина.

## 4. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ (ФФОСЗ)

### 4. 1. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ (ФФОСЗ)

Факултетот за физичко образование, спорт и здравје е формиран како Факултет за физичка култура на 08.07.1977 година со одлука на Собранието

на СРМ (Закон за основање на Факултет за физичка култура објавен во Службен весник на СРМ бр. 30/77 од 15.07.1977 година). Задолжен е за формирање на стручни кадри со највисока стручна подготовка од областа на физичката култура - кинезиологијата. На почетокот биле вработени 12 магистри и 4 соработници - помлади асистенти.

Денес на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје се вработени вкупно 30 лица, од кои наставно-научниот кадар го сочинуваат 28 наставнички и 2 соработнички кадри. Притоа 18 од нив се редовни професори, 3 вонредни професори, 7 насловни доценти (асистенти со докторат), 1 асистент со докторат и 1 асистент. Освен тоа на Факултетот имаме и наставно-научен кадар (четири наставници) од други факултети. На Факултетот има само 4 наставници и 2 асистенти (со докторат) од женски пол.

Староснатa структура на наставниот кадар на Факултетот е таква што има двајца професори кои од почетокот на оваа учебна година требаше да одат во пензија, но согласно член 5 од законот за измени и дополнување на законот за работните односи (Службен весник на Р.М. бр. 113/2014) донесена е одлука за продолжување на договорот за вработување на истите. Но на предметите кои тие ги предаваат има соработници, кои ќе можат во наредниот период да ги превземат обврските.

Во согласност со Законот за високо образование, Стаутот на Универзитетот вСв. Кирил и Методијг и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факулетот постојат следните органи на управување:

- Декан
- Наставно-научниот совет
- Деканската управа

Деканот е раководен орган, кој го претставува и застапува застапува Факулетот во земјата и во странство. Се избира од редот на редовните и вонредните професори, со тајно гласање на Наставно-научен совет, има мандат од 4 години со можност за уште еден реизбор. Изборот го потврдува Ректорот на Универзитетот и Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". На деканот му помагаат двајца продекани, за настава и за наука и меѓународна соработка), кои ги избира Наставно-научниот совет, на предлог на деканот. Наставно-научниот совет е највисок орган на управување и стручен орган на Факултетот, кој го сочинуваат редовните и вонредните професори, доцентите, насловните доценти, 4 асистенти 9по еден од секоја година) и 4 студенти (по еден од секоја година). Деканската управа ја сочинуваат Деканот, продеканите, шефовите на катедрите, претседателот на Студентскиот парламент и секретарот на Факултетот, без право на глас.

Административниот кадар на Факултетот го сочинуваат стручен (административен) и технички кадар. Од административниот кадар 3 се со

високо образование, 1 е со вишо и 5 се со средно образование. Техничкиот кадар, кој брои 4 лица, сите со средно образование, ангажирани се преку Агенција за вработување и ги плаќаме од сопствени средства.

На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, има две студиски програми на додипломските студии, кои во одредена мерка се компатибилни со сродните факултети во нашето соседство (Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Бугарија). Едната насока е физичко образование, односно И циклус четиригодишни академски студии за физичко и здравствено образование, а втората е спорт, односно тригодишни стручни студии за спортски тренери. Првата обучува идни професори по физичко воспитание, а втората - дипломирани тренери по одредена спортска дисциплина. На втор циклус на студии постојат две насоки - кинезиологија и спортски менаџмент. А на трет циклус постои само една насока Ђ кинезиологија.

## 4.2. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

Согласно Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје може да организира внатрешни организациони единици. Со Правилникот број 278 од 04.02.2014 години, тие се поделлени во основни и други внатрешни организациони единици.

### 4.2.1. ОСНОВНИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје постојат 6 катедри, кои се формирани според научната област на која ѝ припаѓаат, а со цел полесно усогласување и развивање на наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност. Во нив се вклучени и наставниците и соработниците. На Факултетот се организирани следните катедри:

- катедра за индивидуални спортови
- катедра за спортски игри
- катедра за моноструктурални спортски активности
- катедра за теоретски и методски истражувања
- катедра за општествени науки
- катедра за биолошко-медицински науки

### 4.2.2. ДРУГИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, според истиот Правилник, постојат и овие единици:

- Институт за научно-истражувачка работа во спортот
- Центри
    - Центар за анализа и обработка на податоци
    - Центар за кариера
    - Центарот за физичко образование (како посебна организациона единица при Факултетот)
- Лабораторија
- Одбор за соработка и доверба со јавноста
- Одбор за поддршка (алумни) на Факултетот
- Библиотека

### 4.2.2.1. Институт за научно-истражувачка работа во спортот

Целта на неговото постоење е да да се вклучи науката во спортот преку научно-истражувачка работа, преку поврзување на теоретската со апликативната дејност, односно давање на стручни и апликативни услуги на спортските клубови и спортските федерации, а се́ со цел постигнување на подобри спортски резултати. Раководител на овој Институт на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е проф. д-р Томче Андоновски, кој е вработен во агенцијата за млади и спорт.

### 4.2.2.2. Центар за анализа и обработка на резултати

Целта на формирање на овој Центар, како внтарешна единица на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е овозможување на стручна помош околу дефинирањето на предметот, целите, проблемот и хипотезите на истражувањето, правењето на матрици за внесување на податоците, внесување на податоците, нивно филтрирање и подготовка за статистичка обработка, интерпретација на добиените резултати, нивни табеларен или графички приказ и печатење на резултатите. Освен тоа, во Центарот ќе се меморираат сите внесени податоци и на тој начин ќе се овозможи формирање на база на податоци која ќе може да се користи за научно-истражувачката работа, но и нивно објавување во научни и стручни публикации. Раководител на овој Центар е вон. проф. д-р Георги Георгиев, кој е и наставник на предметот Методологија на истражувањата со статистика. Во работата на Центарот ќе биде вклучен и насл. доц, д-р Серјожа Контарев, но по потреба можат да бидат вклучени и други наставници, асистенти и докторанти.

### 4.2.2.3. Центар за кариера

На Факултетот се формира и Центар за кариера, што е во согласност со актите на Универизитетот. Делокругот на неговата работа е утврден со актот на основање. Овој центар сеуште не почнал да функционира.

### 4.2.2.4. Центарот за физичко образование

Во составот на Факултетот од 1992 година е и Центарот за физичко образование, кој според Правилникот 278 од 04.02.2014 година е внатрешна организациона единица на Факултетот. Во Центарот работат: 1 професор на висока школа и 7 виши предавачи (од кои 5 се со докторат и 3 со магистериум). Но во моментов, согласно член 9 од Законот за пратеници, со денот на верификацијата на мандатот на пратеникот виш предавач д-р Чедомир Саздовски, работниот однос му мирува до истекот на мандатот.

Центарот за физичко образование реализира настава по физичко образование и спортски активности за студентите на сите факултети на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". И покрај тоа што на повеќе факултети ваква настава е предвидена во сите студиски години, сепак, најчесто истата се изведува само во прва година и не на сите факултети. Проблем претставува тоа што оваа настава се изведува во изнајмени спортски објекти, па за истата мора да се плати. Во изминатите години се случуваше Факултетот да е истовремено и давател на услугата (настава по физичко образование и спорт) и оној кој плаќа за студентите од целиот Универзитет да ја имаат наставата која им е предвидена со наставните програми. Токму заради тоа, во минатото, Факултетот, плаќајќи ја наставата по физичко образование и спорт, а која ја изведува Центарот, се соочуваше со големи финансиски проблеми.

Во тој период, Ректорот ја согледа суштината на нашиот проблем и согледа дека Универзитетот е одговорен да плати за наставата на своите студенти која ја реализираше Центарот за физичко образование, и во два наврати донираше финансиска помош од УКИМ, за да можеме да излеземе од финансиската криза во која се наоѓавме, а која се должеше на тоа што Факултетот како давател на услуги, требаше истовремено и да плаќа за наставата на сите студенти од УКИМ.

Последниве неколку години со заложба на Ректорот на Универитетот, наставата се одвива без поголеми проблеми. Факултетите на кои се изведува оваа настава  почнаа да плаќаат за истата, а сумата се пресметува по формула за нематична настава. На последната Ректорска управа, Ректорот се заложил оваа настава да биде задолжителна на сите факултети, што за нас преставува навистина голема поддршка и признание за нашата работа.

Во овој момент наставниците од Центарот немаат сопствени простории за вршење на својата основна дејност, туку привремено се сместени и обавуваат настава на Машинскиот факултет во Скопје.

### 4.2.2.5. Лаборатории

Лабораторијата се формира за практично изведување на наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативната работа. Во тек е

набавување на опрема за истата, кое можеби треба да се забрза, но и обезбедувањето на просторни услови за нејзино сместување.

#### 4.2.2.6. Одбор за соработка и доверба со јавноста

Ова тело е формирано за да се оствари соработка и доверба со јавноста, и со институциите кои вршат високообразовна дејност и научно-истражувачка работа. Овој одбор, според Правилникот 278 од 04.02.2014 година, е составен од 9 членови, и тоа:

- 3 члена од Наставно-научниот совет на Факултетот, од кои 2 наставници и 1 студент
- 1 член на Собранието на Р. Македонија
- 1 член од Министерството за образование и наука
- 1 член од Советот на град Скопје
- 1 член од Советот на општина Центар
- 1 член од од Агенцијата за млади и спорт на Р. Македонија
- 1 член од од Федерацијата за училишен спорт

#### 4.2.2.7. Одбор за поддршка (алумни) на Факултетот

Овој одбор се формира за да им се овозможи на студентите кои завршиле на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, да останат во меѓусебен контакт и меѓу себе, но и со Факултетот, за да можат да бидат во тек со новините во кинезиологијата. Освен тоа, клубот ќе им овозможи да развијат вештини и да стекнат знаења кои можат да бидат важни при вработувањето. Овој одбор веќе се формираше, а на нашата њеб страна постои формулар со кој се пристапува кон овој клуб и се оставаат податоци за понатамошен контакт.

#### 4.2.2.8. Библиотека

Во библиотеката има преку 4000 книги. Меѓутоа за жал, нивниот број е мал, но и изборот оди повеќе на книги од македонски и српски јазик, а многу малку има странски автори и многу малку современа литература. Библиотеката не е вклучена во електронски систем на размена на книги и учебници во земјата и во странство и не постои можност за нарачка на книги. Вработените не се информираат за набавката на нови книги. Во библиотеката нема компјутерски програми за наоѓање на библиотечни податоци, ниту за трансфер на библографски информации. И бројот на странски стручни списанија е незначителен. Во библиотеката нема фотокопир. Поголем дел од наставниците имаат издадено учебно помагало (книги, скрипти или практикуми), од кое студентите можат да учат и истите се застапени и во библиотеката.

Во иднина би требало да се отвори и книжарница на Факултетот, за да можат студентите кои сакаат да купат книга, тоа да го сторат на тој начин, а не со купување лично од професорот.

*СЊОТ - анализа*

*С (стренгтх Ђ сила, предност) - сметаме дека е добро формирањето на повеќе центри (за научно-истражувачка работа во спортот, за статистичка обработка на резултатите и сл., бидејќи на тој начин ги прошируваме компетенциите и полето на работа, што ќе овозмож соработка со други институции (други факултети, спортски федерации, рекреативци и поединци), но и создавање на добра база на податоци која ќе може да се користи во иднина за научни и стручни публикации.*

*Њ (њеакнесс - слабост) - слабоста на нашата институција е во лошите просторни материјални услови во кои се изведува наставата, што навистина ја отежнува и теоретската и практичната настава. Освен тоа, нарачана и пристигната е само дел од опремата која планираме да биде вклучена во погоре спомenатите центри.*

*О (оппортуниес Ђ можности) - со формирањето на центрите како составни единици на Факултетот се овозможува да се планира наставата по физичко образование и спорт на целиот Универзитет, за која ќе имаме и финансиска поддршка. Освен тоа, ќе може да се искористи знаењето на нашиот кадар во работатат не само со спортисти, туку и со единки и групи од различна возраст (од деца, бремени жени, возрасни, рекреативци) и тоа и здрави и болни, особено од болести кај кои физичката активност може да ги ублажи или намали симптомите (дијабетот, дебелината, постоперативни состојби и др.).*

*Т (тхреатс - закани од околината) - сметаме дека навистина имаме добра соработка со сите факултети на целиот Универзитет и со сите релевантни фактори кои се вклучени во спортот, како Агенција за млади и спорт, Македонскиот олимписки комитет (МОК) и др. Единствена закана може да биде тоа што некои факултети сметаат дека на Факултетот нема соодветни кадри, кои можат да делуваат на толку начини.*

## 5. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

### 5.1. ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ

На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, има две студиски програми на додипломските студии, кои во одредена мерка се компатибилни со сродните факултети во нашето соседство (Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Бугарија). Едната насока е физичко образование, односно И циклус четиригодишни академски студии за физичко и здравствено образование, а втората е спорт, односно тригодишни стручни студии за спортски тренери. Првата обучува идни професори по физичко воспитание, а втората - дипломирани тренери по одредена спортска дисциплина.

Во 2012 година Факултетот за физичко образование, спорт и здравје изработи Правилник за студирање за И циклус на студии и Водич за студирање, кои се ставени во функција. Во овие документи се регулирани правата, обврските и можностите на студентите кои студираат на двете насоки на Факултетот за физичка култура.

### 5.1.1. Карактеристики на студиската програма - И циклус четиригодишни академски студии за физичко и здравствено образование

За насоката И циклус академски студии за физичко и здравствено образование Факултетот има акредитација од неговото формирање во 1977 до денес. Истата е реформирана 1988, 2000 и 2010 и се реализира врз основа на Решение за акредитација на измени и дополнувања на студиски програми на И циклус универзитетски студии на студиската програма по физичко и здравствено образование на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", број 07-765/1 од 28.10.2010 и Решение за почеток со работа број 07-202/1 од 11.03.2011 год. на студиската програма од И циклус универзитетски студии на студиската програма по физичко и здравствено образование на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Од 2009/2010 година овие студии се реализираат со нова студиска и нови предметни програми (едносеместрални), во согласност со Болоњскиот систем.

Генерацијата студенти запишани во учебната 2013/14 се прва генерација за која важи последната модификација на оваа програма според барањата на Универзитетот, а која се однесува на тоа секој студент да може да слуша предмети и од други факултети (до 10% од вкупниот фонт на часови). За оваа последна модификација има Решение за акредитација на измени и дополнувања на студиски програми на И циклус универзитетски студии на студиската програма по физичко и здравствено образование на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", број 07-344/1 од 19.04.2012 год. и Решение за почеток со работа број 07-605/1 од 03.07.2012 год. на студиската програма од И циклус универзитетски студии на студиската програма по физичко и здравствено образование на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

На оваа насока се обучуваат професори по физичко и здравствено образование. Наставата на оваа насока се реализира во 8 семестри. Сите завршени студенти полагаат државен испит пред да почнат со работа.

До сега на оваа насока имаат дипломирано:
- 2010 година -129 студенти
- 2011 година -126 студенти
- 2012 година -111 студенти

- 2013 година -100 студенти

### 5.1.1.1. Содржина на студиската програма за предметна настава по физичко образование или Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование

Пред да зборуваме за бројот и типот на предметите во оваа наставна програма, мора да објасниме дека во учебната 2010/11 година и 2011/12 година се јавуваат студенти кои се запишани по различни наставни програми. Така, студентите од трета и четврта година се запишани по наставниот план од 2004/05 година, и според нивниот наставен план сите предмети се двосеместрални, а студентите од прва и втора година се запишани по наставниот план од 2009/10, и според нивниот наставен план сите предмети се едносеместрални. Тоа е причината што постојат разлики во бројот на предметите (табела 1 и 2).

Од прикажаната табела може да се види дека на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, во оваа насока има вкупно 52 предмети во сите 4 години. Притоа, кај студентите од прва и од втора година предметите се едносеместрални, а кај оние од трета и четврта се двосеместрални. Ако се земе бројот на предмети по новата програма (прва и втора година) за учебната 2010/11 год. ќе се види дека има 16 задолжителни и 4 изборни, а за учебната 2011/12 - 23 задолжителни и 5 изборни. Студентите кои се запишани по старата програма (2004/05), за учебната 2010/11 год., имаат 24 задолжителни, 4 изборни и 4 факултаттивни предмети, а за учебната 2011/12 -12 задолжителни, 2 изборни и 2 факултаттивни предмети.

Табела 1. Насока - Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование, задолжителни, изборни и факултативни предмети за учебната 2010/11 година

| Година на студии | задолжителни предмети | изборни предмети | факултативни предмети |
|---|---|---|---|
| Прва (Н.П. 09/10) | 7 | 3 | 0 |
| Втора (Н.П. 09/10) | 9 | 1 | 0 |
| Трета (Н.П. 04/05) | 12 | 2 | 2 |
| Четврта (Н.П. 04/05) | 12 | 2 | 2 |
| Вкупно предмети | 40 | 8 | 4 |

Табела 2. Насока - Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование, задолжителни, изборни и факултативни предмети за учебната 2011/12 година

| Година на студии | задолжителни предмети | изборни предмети | факултативни предмети |
|---|---|---|---|
| Прва (Н.П. 09/10) | 7 | 3 | 0 |
| Втора (Н.П. 09/10) | 9 | 1 | 0 |
| Трета (Н.П. 09/10) | 7 | 1 | 0 |
| Четврта (Н.П. 04/05) | 12 | 2 | 2 |
| Вкупно предмети | 36 | 7 | 2 |

Предпоследното осовременување на наставните програми се случи 2009/2010 година, од кога сите предмети се едносеместрални, секако во согласност со Болоњскиот систем. Притоа се водеше сметка за оптовареноста на студентите со предметните содржини (оптовареноста во кредити е 60 по семестар). Освен тоа, постојат 4 изборни предмети, за да се излезе во пресрет на различните афинитети на студентите. Иако на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје постои можност за повеќе изборни предмети, невозможно е да се организира настава за помалку студенти и во повеќе групи (според афинитетите) заради немањето просторни услови. Заради тоа студентите ги слушаат трите предмети кои со анонимна анкета добиле најмногу гласови.

Од учебната 2012/13 год. Сите запишани студенти се по наставната програма од 2009/10 год. и затоа сите се едносеместрални, и тоа за учебната 2012/13 год. има 29 задолжителни и 7 изборни предмети (табела 3), а во учебната 2013/14 год. има 29 задолжителни и 10 изборни предмети. Со таа наставна програма (од 2009/10 год.) не се предвидени факултативни предмети (табела 4).

Табела 3. Насока - Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование, задолжителни, изборни и факултативни предмети за учебната 2012/13 година

| Година на студии | задолжителни предмети | изборни предмети | факултативни предмети |
|---|---|---|---|
| Прва (Н.П. 09/10) | 7 | 3 | 0 |
| Втора (Н.П. 09/10) | 9 | 1 | 0 |
| Трета (Н.П. 09/10) | 7 | 1 | 0 |
| Четврта (Н.П. 09/10) | 6 | 2 | 0 |
| Вкупно предмети | 29 | 7 | 0 |

Речиси на сите предмети (со мали исклучоци), постои континуирано оценување со колоквиуми, семинарски работи или други задачи кои се различни на секој предмет, со што се олеснува полагањето на испитите. Процесот на воведување на додаток на диплома (Диплома супплемент) почна

да се применува за генерацијата студенти кои дипломирале од април 2013 до април 2014 година.

Табела 4. Насока - Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование, задолжителни, изборни и факултативни предмети за учебната 2013/14 година

| Година на студии | задолжителни предмети | изборни предмети | факултативни предмети |
|---|---|---|---|
| Прва (Н.П. 13/14) | 7 | 6 | 0 |
| Втора (Н.П. 09/10) | 9 | 1 | 0 |
| Трета (Н.П. 09/10) | 7 | 1 | 0 |
| Четврта (Н.П. 09/10) | 6 | 2 | 0 |
| Вкупно предмети | 29 | 10 | 0 |

Бројот на часовите за предавања и вежби за студискита програма - физичко образование, е задоволителен. Освен тоа, студентите имаат можност посебно да навлезат во одредена проблематика и преку изработка на семинарски работи и преку консултации. На оваа студиска програма предаваат вкупно 22 наставници и 8 асистенти.

Сепак недостасуваат материјални средства за осовременување на наставата со дијагностички методи и постапки, за кои во моментов Факултетот нема можности да ги обезбеди.

**5.1.1.2. Број на студенти на Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование**

На насоката физичко, во учебната 2010/2011 година студираат 306 студенти или 107 во прва година, во втора 44 во трета 31, во четврта 44 студенти и 80 апсолвенти. Од нив, 277 се редовни, а 29 вонредни. Притоа, 157 студенти се запишани во државна квота, 120 со самофинансирање, а 29 вонредни (табела 5).

Табела 5. Насока - академски студии за физичко и здравствено образование за учебната 2010/11 година

| година | редовни студенти | | вонредни студенти | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | | |
| прва | 53 | 43 | 11 | 107 |
| втора | 26 | 16 | 2 | 44 |
| трета | 18 | 12 | 1 | 31 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| четврта | 22 | 20 | 2 | 44 |
| апсолвенти | 38 | 29 | 13 | 80 |
| вкупно | 157 | 120 | 29 | 306 |

Табела 5а. Проодност на студентите од насоката - академски студии за физичко и здравствено образование за учебната 2010/11 година

| година | редовни студенти | | вонредни студенти |
|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | |
| прва | 49% | 37% | 18% |
| втора | 69% | 75% | 50% |
| трета | 122% | 200% | 200% |
| четврта | 172% | 145% | 650% |

На насоката физичко, во учебната 2011/2012 година студираат 320 студенти или 117 во прва година, во втора 78 во трета 46, во четврта 42 студенти и 37 апсолвенти. Од нив, 282 се редовни, а 38 вонредни. Притоа, 1573студенти се запишани во државна квота, 129 со самофинансирање, а 38 вонредни (табела 6).

Проодноста од прва во втора година за студентите од државната квота е 49%, а потоа се зголемува во секоја наредна година. Слична е состојбата и со студентите со самофинансирање и со вонредните студенти. Во трета и четврта година процентот е поголем од 100, што значи дека во тие години постои заостаток на студенти од претходните години. Освен тоа, постои преклопување на студиските програми, што може да биде причината за ваквата состојба. Кај вонредните студенти, постои уште поголемо заостанување, бидејќи тие воедно и работат или се активни спортисти.

Табела 6. Насока - академски студии за физичко и здравствено образование за учебната 2011/12 година

| година | редовни студенти | | вонредни студенти | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | | |
| прва | 52 | 45 | 20 | 117 |
| втора | 40 | 33 | 5 | 78 |
| трета | 30 | 15 | 1 | 46 |
| четврта | 20 | 12 | 10 | 42 |
| апсолвенти | 11 | 24 | 2 | 37 |
| вкупно | 153 | 129 | 38 | 320 |

Табела 6а. Проодност на студентите од насоката - академски студии за физичко и здравствено образование за учебната 2011/12 година

| година | редовни студенти | | вонредни студенти |
|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | |
| прва | 77% | 73% | 25% |
| втора | 75% | 45% | 20% |
| трета | 67% | 80% | 1000% |
| четврта | 50% | 200% | 20% |

На насоката физичко, во учебната 2012/2013 година студираат 347 студенти или 100 во прва година, во втора 91, во трета 77, во четврта 54 студенти и 25 апсолвенти. Од нив, 305 се редовни, а 42 вонредни. Притоа, 167 студенти се запишани во државна квота, 138 со самофинансирање, а 42 вонредни (табела 7).

Табела 7. Насока - академски студии за физичко и здравствено образование за учебната 2012/13 година

| година | редовни студенти | | вонредни студенти | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | | |
| прва | 40 | 40 | 20 | 100 |
| втора | 47 | 39 | 5 | 91 |
| трета | 39 | 29 | 9 | 77 |
| четврта | 31 | 20 | 3 | 54 |
| апсолвенти | 10 | 10 | 5 | 25 |
| вкупно | 167 | 138 | 42 | 347 |

Табела 7а. Проодност на студентите од насоката - академски студии за физичко и здравствено образование за учебната 2012/13 година

| година | редовни студенти | | вонредни студенти |
|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | |
| прва | 117% | 97.5% | 25% |
| втора | 83% | 74% | 180% |
| трета | 79% | 69% | 33% |
| четврта | 22% | 50% | 167% |

Проодноста на студентите запишани во учебната 2011/12 година се прикажани во табела 6а, за учебната 2012/2013 во табела 7а, а за учебната 2013/2014 во табела 8а.

Табела 8. Насока - академски студии за физичко и здравствено образование за учебната 2013/14 година

| година | редовни студенти | | вонредни студенти | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | | |
| прва | 40 | 41 | 23 | 104 |
| втора | 36 | 31 | 23 | 90 |
| трета | 38 | 32 | 10 | 80 |
| четврта | 42 | 27 | 12 | 81 |
| апсолвенти | 30 | 8 | 9 | 47 |
| вкупно | 186 | 139 | 77 | 402 |

| Прва | 65.5% | 13.5% | 15% | 2% | 2% | 2% |
| Втора | 50% | 21% | 18.5% | 2.5% | 0 | 2.5% |
| Трета | 64% | 12% | 16% | 0 | 2% | 0 |
| Четврта | 64.5% | 17.5% | 10% | 0 | 0 | 0 |

### 8.1.8. Корисност од изведените лабораториски вежби

Табела 32. Корисност од изведените лабораториски вежби

| Година | 10 (десет) | 9 (девет) | 8 (осум) | 7 (седум) | 6 (шест) | 5 (пет) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва | 50% | 23.5% | 8% | 4% | 6% | 4% |
| Втора | 42% | 13.5% | 21% | 2.5% | 2.5% | 18.5% |
| Трета | 56% | 17% | 9% | 6% | 0 | 0 |
| Четврта | 53% | 25% | 7% | 3.5% | 0 | 0 |

И во однос на осмото прашање постои широк дијапазон во кој се движи процентот на студентите кои сметаат дека практичната настава е корисна (од 71%) до 26% незадоволни студенти.

### 8.1.9. Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот

Студентите сметаат дека некои професори се објективни при оценувањето (дури и 93% кај некои професори). Но сепак кај некои од професорите треба истата да се подобри и да потрудат да бидат пообјективни при оценувањето (табела 33).

Табела 33. Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот

| Година | 10 (десет) | 9 (девет) | 8 (осум) | 7 (седум) | 6 (шест) | 5 (пет) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва | 58% | 13.5% | 13.5% | 6% | 0 | 0 |
| Втора | 57.5% | 21% | 5.5% | 5.5% | 0 | 0 |
| Трета | 70% | 23% | 2% | 2% | 2% | 0 |
| Четврта | 78.5% | 7% | 10.5% | 3.5% | 0 | 0 |

### 8.1.10. Барања што се поставуваат пред студентите (колквиум, програми и др.) и тежина на испитот

Табела 34. Барања што се поставуваат пред студентите (колоквиум, програми и др.) и тежина на испитот (за професорите од сите години)

| Година | Мн.големи | Големи | Соодветни | Просечни | Мали | Мали |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва | 26.5% | 17% | 46% | 7% | 2% | 0 |
| Втора | 10.5% | 21% | 63% | 8% | 0 | 0 |
| Трета | 14% | 20% | 57% | 2% | 0 | 6% |
| Четврта | 25% | 3.5% | 60.5% | 0 | 3.5% | 7% |

Табела 35. Барања што се поставуваат пред студентите (колоквиум, програми и др.) и тежина на испитот (за асистентите)

| Година | Мн.големи | Големи | Соодветни | Просечни | Мали | Мали |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва | 35% | 23% | 38% | 4% | 0 | 0 |
| Втора | / | 39% | 42% | 7% | 5% | / |
| Трета | 0 | 8% | 75% | 0 | 0 | 8 |
| Четврта | / | / | / | / | / | / |

Поголем процент на студентите сметаат дека барањата што се поставуваат пред студентите за да можат да положат и на практичниот (табела 35) и на теоретскиот испит се соодветни, големи и многу големи (табела 34).

### 8.1.11.Моето присуство на наставата беше

Студентите во висок процент (од 58% до 94%) редовно ја посетуваат и теоретската настава (табела 36), а помал процент се присутни на од 80-60% од часовите.

Табела 36. Моето присуство на теоретската настава беше

| Година | 10 (десет) | 9 (девет) | 8 (осум) | 7 (седум) | 6 (шест) | 5 (пет) |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва | 75% | 21% | 2% | 0 | 0 | 0 |
| Втора | 71% | 18% | 11% | 0 | 0 | 0 |
| Трета | 86% | 11% | 3% | 0 | 0 | 0 |
| Четврта | 82% | 14% | 0 | 0 | 0 | 0 |

Табела 37. Моето присуство на практичната настава беше

| Година | 100-80% | 80-60% | 60-40% | 40-20% | 20-0% | 20-0% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва | 46% | 12% | 4% | 0 | 0 | 0 |
| Втора | / | / | / | / | / | / |
| Трета | 83% | 8% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Четврта | 86% | 7% | 0 | 0 | 0 | 0 |

### 8.1.12. Забелешка за подобрување на квалитетот на предметот

Во однос на последното прашање од анкетата, може да се каже дека поголем процент од студентите се задоволни од наставата, особено заради лошите просторни услови и сметаат дека се во такви услови е псотигнат максимум. За некои практични предмети, сметаат дека треба да имаат повеќе часови за да може да ја совладаат материјата (прашање бр.12).

### 8.1.13. Мобилност на студентите

За да го видиме мислењето на студентите за мобилноста, додадовме прашање во врска со тоа (табела 38). Според добиените резултати од анкетата, можеме да кажеме дека 56% од студентите сметаат дека на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје има мобилност, 36% сметаат дека таа е само делумна, а 8% сметаат дека воопшто нема мобилност.

Во однос на овој проблем сметаме дека е неопходна поинтензивна соработка со останатите факултети во Р. Македонија, во соседството (Србија, Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Словенија), но и на подалечни дестинации во Европа. Потоа, во следната фаза треба да се воведе програмата Еразмус, со која ќе се овозможи вистинска мобилност на студентите, но и на професорите и асистентите и престој на други сродни или исти факултети, со што ќе се овозможи размена на искуства, мислења и знаења.

Табела 38. Дали на студентите им е овозможена мобилност

| 12. Дали на студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје им е овозможена мобилност? | | |
|---|---|---|
| Да | Не | делумно |
| 56% | 8% | 36% |

*СЊОТ - анализа*

*С (стренгтх Ђ сила, предност) - сметаме дека силата на нашата институција лежи во добрата комуникација со студентите која ја овозможува малиот број студенти, но и практичната и теренската настава, каде поради различните околности и запознавањето со студентите е подобро.*

*Њ (њеакнесс - слабост) - слабоста на нашата институција е во тоа што студентите не се секогаш искрени ниту за професорите, ниту за асистентите, сметајќи дека на тој начин ќе можат полесно да ги положат испитите. Во вербална комуникација тие искрено ги каживаат вистинските проблем, но сепак кога станува збор за пишан доцумент (анкета) сосотојбата се разликува.*

*О (оппортуниес Ђ можности) - можностите на институцијата лежат во малиот број на професори и асистенти, што овозможува лесна И брза комуникација, со што можеби би можела состојбата да се подобри во однос на некои прашања од анкетата.*

*Т (тхреатс - закани од околината) - иако постои Факултет за физичка култура во Тетово и ФОН, каде има насока за спортски менаџмент, сметаме дека првиот, заради јазикот, а вториот заради самофинансирањето и немањето на када, не претставуваат закана за нашата институција.*

## 9. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

За потребите на наставата, Факултетот користи 3 сали за практичната настава со вкупна површина од околу 1500м2, базен, двор со површина од 1500м2, еден амфитеатар и 2 училници, кои ги делиме со Спортската гимназија вМетодиј Митевски - Брицог и Спортската академија. Но со оглед на тоа дека за користењето на некои од нив ФФОСЗ мора да плаќа од сопствени средства, тоа го доведува Факултетот во уште полоша финансиска положба (базенот, за наставата по пливање со ватерполо, како и за наставата на Центарот за физичко образование). Факултетот има и 36 простории (за управа, администрација, состаноци, библиотека, кабинети за професори и др.) со вкупна површина од 587 м2. Површината на овој простор на еден студент не ги задоволува критериумите во однос на квалитетот на материјално-техничките услови.

Но сепак, мораме да истакнеме дека просторните услови на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје само делумно ги задоволуваат потребите, првенствено заради тоа што ги користиме заедно со Спортската гимназија вМетодиј Митевски - Брицог. Дополнителен проблем за Факултетот е работата на Спортската академија, на која заради постоењето на многу групи спортови и веќе три генерации ученици, и се потребни многу термини не само во салата ІМакедонски хероиг, туку и во амфитеатарот и училниците за теоретската настава. Заради тоа се соочуваме со сериозен проблем околу просторните можности за одржување на

теоретската и практичната настава на студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

Заради тоа наставата на Факултетот се изведува во две смени. Состојбата се усложнува заради немање на термини во кои студентите ќе можат дополнително да се ангажираат и вежбаат за совладување на наставните содржини од практичниот дел на испитите. Состојбата би била полесна доколку Факултетот би работел само во една смена.

Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование изградија нова спортска сала на Факулетот. За жал, и таа не може во целост да се користи и преку целата година за потребите на наставата, заради тоа што нема греење, па е невозможно во такви услови да се држи настава (особено во зима). Факултетот не беше во состојба од сопствени средства да обезбеди парно греење. Заради тоа, е поднесено барање до Агенцијата за спорт и млади, која се надеваме дека ќе најде начин што поскоро да ги обезбеди потребните средства, а се со цел новата сала да може да се употребува за наставата на ФФОСЗ, но и за организирање на Универзитетската спортска лига и во иднина. Освен тоа, во истата сала се појави проблем и со канализацијата, која заради технички проблем не функционираше добро. Факултетот беше принуден овој проблем да го реши од сопствени средства, бидејќи воопшто не постоеше можност салата да се користи во такви услови (со излив на канализацијата).

Пред изградбата на салата, Факултетот имаше надворешно игралиште за кошарка, одбојка, ракомет, фудбал и атлетска патека, кои во текот на изградбата на салата беа уништени. Заради тоа, Факултетот за физичка култура поднесе барање до Агенцијата за спорт и млади, за повторна изградба на надворешни мултифункционални објекти, кои ќе придонесат во создавање на подобри услови за студирање.

Новиот деканат се обидува да го реши овој проблем, на тој начин што поднесе идеен проект и барање за реконструкција на административната зграда до Министерството за образование (Сектор за инвестиции). Владата на Репубилка Македонија се увери дека навистина условите во кои работат вработените на Факултетот се ектремно лоши, дури напоменаа дека се најлоши на целиот Универзитет и веќе направи идеен проект за изградба на нова зграда со сала за Факултетот, која ќе биде во состав на Универзитетот. Предвидено е оваа идеја да се реализира во наредните 3 години.

Материјално- техничките услови на Факултетот ги задоволуваат потребите на наставно-истражувачката работа. Имено, на Факултетот секој наставник има свој компјутер, т.е. лаптоп, кои се користат и во наставата, а вкупно има околу 40 компјутери со општи и специфични совтвери, 30 печатари, поврзани во мрежи на самиот факултет но и со универзитетскиот центар, пристап до информации на интернет. Освен тоа, на Факултетот има

10 ЛЦД - проектори, кои исто така, се користат во наставата, неколку скенери, графоскоп, фотокопир, а од неодамна е направен договор со мобилен оператор, со кој секој вработен може да добие телефон во вредност од 6500 денари и месечна претплата од 600 денари.

Сепак, мораме да истакнеме дека на Факултетот нема современи апарати и софтвери кои се користат во светот, а кои служат за подобра дијагностика на состојбата на спортистите, но и за следење на нивната спортска форма. Во таа смисла се прават напори да се обнови постоечката и да набави нова опрема за таа намена.

Заради новите критериуми предвидени во Законот за високото образование, државата треба да одобри 40% од средствата за научноистражувачка работа, за да може поголем број на наставници и соработници да се вклучат во проекти и да можат да учествуваат на конгреси и симпозиуми во странство. Освен тоа, треба да се потенцира и важноста на размената на кадар (наставници и соработници) со сродни факултети во странство.

Њеб страната на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје постои повеќе години, и е постојано дополнувана со нови информации. Сега таа е целосно редизајнирана и навистина секојдневно се дополнува со сите нови информации кои им се потребни на студентите. Новина е што истата е достапна и во англиска верзија.

Со оглед на тоа што просториите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје се наоѓаат во строг центар, се случуваше многу често на паркингот на Факултетот да паркираат и станари од околните згради, но и вработени во други институции од околината. Заради тоа често пати се случуваа помали и поголеми штети на возилата. Но од 2012 година Факултетот успеа да набави врата со картички само за вработените, па е надмината старата пракса и е невозможно други лица да го користат паркингот на Факулетот.

Во согласност со законот, на Факултетот постои читач за регистрација на вработените (кога доаѓаат и кога си одат).
*СЊОТ - анализа*
*С (стренгтх Ђ сила, предност) - нашата предност е во стручниот кадар кој е докажан не само на научно поле, туку и во практикатам во одделни спортови, каде наши колеги биле селектори на репрезентации во одредени спортови.*
*Њ (њеакнесс - слабост) - слабоста на нашата институција е во лошите просторни материјални услови во кои се изведува наставата, што навистина ја отежнува и теоретската и практичната настава. Особено голема пречка е работата во смени и неможноста да им излеземе во пресрет на студентите и да им овозможиме процтор каде би можеле да ги подготвуваат практичните испити.*

*О (оппортуниес Ђ можности) - Се надеваме дека со изградбата на новата зграда во која се предвидени услови за сите наши единици и центри, состојбата значително ќе се подобри. Освен тоа со формирањето на центрите како составни единици на Факултетот се овозможува да се планира наставата по физичко образование и спорт на целиот Универзитет, за која ќе имаме и финансиска поддршка. Освен тоа, ќе може да се искористи знаењето на нашиот кадар во работатат не само со спортисти, туку и со единки и групи од различна возраст (од деца, бремени жени, возрасни, рекреативци) и тоа и здрави и болни, особено од болести кај кои физичката активност може да ги ублажи или намали симптомите (дијабетот, дебелината, постоперативни состојби и др.).*

*Т (тхреатс - закани од околината) - во моментов не можеме да знаеме какви ќе бидат реакциите на сите факултети кои веќе се лоцирани на Универзитетот, кога ќе почне изградбата на зграда за Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. Се надеваме дека ќе бидеме добро прифатени и дека ќе оствариме добра соработка со сите факултети.*

## 10. Логистика

Службата за студентски прашања е доволно организирана, со 2 компјутери, и со програма за водење на евиденцијата со база на податоци за секоја студиска програма и за сите години одделно. Ова беше обврска на Факултетот заради стапувањето во сила на законот за високо образование со кој сите факултети се обврзани да воведат електронско бележење и за наставниот и административниот кадар, но и за студентите. Од тие причини за студентите до трета година на двете насоки, почна успешно да се имплементира системот иКнон, со кој на студентите, професорите, асистентите и студентски прашања им се овозможува увид за сите информации во врска со наставата, испитите и обврските кон Факултетот. Со тоа и службата за студенти прашања почна да се осовременува и ќе може да се води и електронска евиденција за секој студент и за секој испит одделно и за сите години. Во службата за студентски прашања има тројца вработени и со тоа потребите се целосно задоволени.

## 11. Надворешна соработка

До сега немало практика наставниците и соработниците од Факултетот за физичка култура, да престојуваат на други факултети во странство. Можеби во иднина би било добро и корисно, ова да се промени. Имено, најбитна е секако размената на искуства и знаења во областите кои се изучуваат кај нас, но и да се видат, а потоа и имплементираат и новите модули на спроведување на наставните содржини, а се со цел наставата да се модернизира и осовремени. Освен тоа, на тој начин ќе може да се прошири соработката и преку заедничко учество на меѓународни проекти, а со тоа ќе се овозможи стекување на поголемо научно-истражувачко искуство.

Постојат поединечни примери на професори кои предаваат на магистерски или докторски студии во странство, но таа бројка сепак би требало да биде поголема. Освен тоа, иако постојат, ретки се примерите на наставници од странство кои доаѓаат да предаваат на основни или постдипломски студии.

Освен соработката со факултетите и Универзитетите во странство, многу е важна и соработката со другите организации и асоцијации, а која до сега беше релативно слаба. Но Деканатот веќе воспостави одлична комуникација и соработка со Агенцијата за млади и спорт, а се со цел да се помогне спроведувањето на Законот за спорт со кој е предвидено во спортот да работат само тренери кои имаат соодветно собразование. Освен тоа, заедно со агенцијата е формиран Институтот за научно-истражувачка работа во спортот. Се предвидува соработка со федерациите во сите спортови, преку обучување на кадар кој ќе биде стручно оспособен да работи во секој спорт одделно, потоа преку тестирање на формата на спортистите, правење на програми за психолошка подготовка, исхрана и др.

Потоа, би требало да се подобри соработката со МОК (Македонски олимписки комитет), бидејќи стручниот кадар на Факултетот може активно да учествува и да помогне во подготовките на кандидатите за Олимиски игри. Соработката со Факултетот за безбедност е добра и истата треба да продолжи.

## 12. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Наставниците и соработниците на Факултетот учествуваат на конгреси и симпозиуми, но во поголем обем на оние кои се организираат во земјата и во странство и тоа пред се на бившите југословенски простори и Бугарија, и објавуваат стручни и научни трудови. На подалечни дестинации сепак, многу поретко се патува. Причина за тоа, може да биде и слабата поддршка од Министерството за наука, кое и покрај тоа што одвојува средства за таа намена, многу често истите доцнат или изостануваат. Ова би требало да се корегира во иднина, особено земајќи го предвид и Законот за високо образование, со кој е предвидено да напредувањето во звања е условено и од учеството на конгреси, односно од објавување на трудови во списанија со импакт фактор (за што исто така се потребни финансиски средства). Освен тоа, истото им се бара и на наставниците кои конкурираат за да добијат право да бидат ментори на Докторксите студии по кинезиологија. На Факултетот е донесена одлука сите наставници и асистенти кои сакаат да учествуваат на конгрес, дека ќе добијат годишно по 300 евра за таа намена, со можност, оваа вредност да изнесува 500 евра, со посебно барање, доколку дестинацијата на патувањето е подалечна или доколку некому му претстои избор во звање.

Наставниците и соработниците на Факултетот учествуваат во научно-истражувачки проекти, на национално, но иако поретко и на меѓународно ниво. Истите главно ги финансира Министерството за образование и наука. Впечаток е дека сепак бројот на реализираните проекти е релативно мал.

Веќе две години по ред, по еден наставник од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, влегува на листата на 10-те наставници од цел Униеризтет кои имаат објавено најмногу трудови за една година. За учебната 2011/12 тоа беше вон. проф. д-р Георги Георгиев, а за учебната 2012/13 тоа беше проф. д-р Жарко Костовски.

Факултетот има и свое списание (Ресеарцх ин пхѕицал едуцатион, спорт анд хеалтх), кое се печати 3 години и веќе има 6 отпечатени броеви. Во него објавуваат не само наставниците и асистентите од Факултетот, туку и колеги од сродните факултети не само од бившите југословенски простори, туку и пошироко (Бугарија, Албанија, Чешка, Полска и др.).

Оваа година Факултетот успеа да го организира првиот конгрес за физичко образование, спорт и здравје, кој се организираше во Охрид, во мај, 2014год. Имаше многу гости и колеги од земјата и од странство кои ги презентираа своите истражувања, а издаден и зборник на трудови од конгресот.

Освен тоа, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје проф. д-р Душко Иванов изработи Монографија, која е во печат.

Факултетот до сега не успеа да добие некој од европските програми Темпус и Пхаре, иако покажува доволно интерес за учество во нив.

Од особено голема важност е што новиот Деканат аплицираше и доби два проекти, каде носител е Факултетот за физичка култура, и тоа:

1. Континуирано усовршување или перманентна едукација на наставниците по физичко образование во Р. Македонија
2. Самовреднување и вреднување на наставата по физичко и здравствено образование во средните училишта во градот Скопје (проектот е веќе реализиран).

*СЊОТ - анализа*

*С (стренгтх Ђ сила, предност) - нашата предност е во стручниот кадар кој е докажан не само на научно поле (во последните две години имаме двајца професори кои се во најдобрите 10 научници на Универзитетот), туку и во практиката во одделни спортови, каде наши колеги биле селектори на репрезентации во одредени спортови. Некои од колегите биле повикувани да предаваат на други Униеризтети во странство или работеле како тренери, исто така во странство. Освен тоа, постоењето на списание на Факултетот*

*овозможува поедноставно објавување на различни истражувања и навистина овозможува соработка со колегите од другите факултети од странство.*
*Њ (њеакнесс - слабост) - слабоста на нашата институција е во лошите просторни материјални услови во кои се изведува наставата, што навистина ја отежнува и теоретската и практичната настава. Слабост на Факултетот е недоволната поврзаност со исти или слични институции во поблиската и подалечната околина. Исто така, сметаме дека е наша слабост ниското ниво на учество во меѓународни проекти.*
*О (оппортуниес Ђ можности) - Се надеваме дека со изградбата на новата зграда во која се предвидени услови за сите наши единици и центри, состојбата значително ќе се подобри. Освен тоа со формирањето на центрите како составни единици на Факултетот се овозможува да се планира наставата по физичко образование и спорт на целиот Универзитет, за која ќе имаме и финансиска поддршка. Освен тоа, ќе може да се искористи знаењето на нашиот кадар во работатат не само со спортисти, туку и со единки и групи од различна возраст (од деца, бремени жени, возрасни, рекреативци) и тоа и здрави и болни, особено од болести кај кои физичката активност може да ги ублажи или намали симптомите (дијабетот, дебелината, постоперативни состојби и др.). Освен тоа, базата на податоци која ќе се формира, ќе биде добра основа за научно-истражувачка работа и публикување во бројни списанија.*
*Т (тхреатс - закани од околината) - недоволна поврзаност со други факултети од околината и од странство.*

## 13. фИНАНСИИ

Факултетот обезбедува средства од државата (буџетски), но се финансира и од сопствени средства. На висината на средствата битно влијаеше намалувањето на државната квота од 400 на 200 евра, а тоа пак влијаеше на цената за самофинансирањето. На тој начин Факултетот последниве две години има помал прилив на средства по таа основа.

Од пред две години е донесен и новиот Правилник за плати (бр. 216 од 31.05.2012 година), во кој детално се регулирани сите обврски на вработените, но и наградувањето според извршената работна задача.

Мора да се истакне дека Факултетот конечно излезе од тешката финансиска криза во која беше 8 години, заради долгот во врска со користење на простор за настава на Центарот за физичко образование. Притоа мораме да истакнеме дека за таа цел беа одвоени околу 11 милиони денари од сопствени средства и околу 2 милиони денари буџетски средства, кои беа добиени за материјални трошоци на Факултетот, а кои беа присилно одземени заради извршни судски решенија. Истите, подоцна бевме принудени да ги надоместиме и вратиме од сопствени средства.

Сега состојбата е финансиски стабилна, бидејќи факултетите на кои се изведува наставата по физичко и здравствено образование плаќаат за истата.

Деканатот на Факултетот се труди да најде нови начини на финансирање, не само преку отворање на нови студиски програми, туку и преку отворањето на Центарот за обработка на резултатите, како и преку формирањето на Институтот за научно-истражувачка работа во спортот во соработка со Агенцијата за млади и спорт.

*СЊОТ - анализа*
*С (стренгтх Ђ сила, предност) - отворањето на повеќе центри сметаме дека носи можности и за финансиска поддршка.*
*Њ (њеакнесс - слабост) - сметаме дека платите на наставничкиот кадар на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје е меѓу најниските на Универзитетот. Освен тоа, речиси и да немаме нови вработени асистенти на Факултетот, а и дел од техничкиот персонал го плаќаме од сопствени средства.*
*О (оппортуниес Ђ можности) - Се надеваме дека постои некаква можност за приближување на платите на сите професори на факултетите на Универзитетот вСв. Кирил и Методијг.*
*Т (тхреатс - закани од околината) - се надеваме дека Владата ќе почне да го применува законот, во врска со тоа дека во спорстките клубови можат да работат само дипломирани тренери од нашиот Факултет.*

## 14. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Постои водич за студирање кој е наменет за студентите, а во кој ги имаат сите информации кои им се потребни, а се поврзани со студирањето.
2. На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, постојат две акредитирани насоки на прв циклус студии - четиригодишни академски студии за физичко и здравствено образование и тригодишни стручни студии за спортски тренери.
3. На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, се отпочнати преговорите за отварање на насока за предучилишна настава по физичко и здравствено образование.
4. На Факултетот веќе се изработени програми и треба во најблиска иднина да побара акредитација и за додипломски студии за физичко образование во:
    - одделенска настава
    - спорт и туризам
    - здравје
    - други
5. На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, постојат две акредитирани насоки на втор циклус студии - за кинезиологија и спортски менаџмент.

6. Факултетот ги почна преговорите со Правниот факултет од Скопје за формирање на нова програма на втор циклус - спортско новинарство.
7. Факултетот ги почна преговорите со Медицинскиот факултет од Скопје за формирање на нова програма на втор циклус - кинезитерапија.
8. На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, постои една акредитирана програма за трет циклус студии, за кинезиологија.
9. На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, постојат следните организациони единици:
    - Институт за научно-истражувачка работа во спортот
    - Центар за анализа и обработка на податоци
    - Центар за кариера
    - Центарот за физичко образование (како посебна организациона единица при Факултетот)
    - Одбор за соработка и доверба со јавноста
    - Одбор за поддршка (алумни) на Факултетот
10. Освен тоа, треба да се размисли и да се понудат повеќе насоки и на постдипломските, но и на докторските студии. Притоа секој наставник да се потруди да посочи современа и што е можно понова литература. Секако би требало да се спроведуваат колку е можно повеќе истражувања и тие да се презентираат на предавањата или да презентираат други истражувања од слична област. За втор циклус студии доаѓаат предвид:
    - спортско новинарство
    - спортско право
    - насока кинезитерапија
    - насока рекреација
11. Веќе предметот физичко образование и спорт се спроведува како задолжителен предмет на сите факултети на УКИМ.
12. Се нудат нови изборни предмети од Факултетот на целиот Универзитет (во рамките на 10% од вкупниот фонт на часови).
13. Би требало да се коригира рестриктивната политика за вработување на млади кадри на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", и во наредниот период да се овозможи вработување на соработници на сите предмети. Во меѓувреме би можеле соработниците да "помагаат" и околу други сродни предмети, што е пракса на повеќе факултети.
14. Академскиот кадар ги задоволува потребите во однос на нивната компетентност за вршење на наставно-образовната и научно-истражувачката дејност. Дел од наставниците и соработниците објавуваат трудови во периодични публикации. Само дел од нив објавуваат во списанија со импакт фактор. Изборот на наставниците и соработниците во наставно-научни звања е во согласност со универзитетските критериуми.
15. Покриеноста на предметите со наставници, во најголем број случаи, задоволува.

16. Реализацијата на предавањата, менторската и теренската настава во сите студиски програми задоволува.
17. Веќе две години по ред, по еден професор од Факултетот добива награда Научник на годината, со што влегува во десетте факултети на кои има професори кои имаат најмногу објавени трудови. Ова му дава на Факулетот нова димензија, во смисол дека не ја негуваме само практичната, туку и научната и истржувачката работа.
18. Факултетот соработува со повеќе факултети на Универзитетот и има наставници кои предаваат од други факултети. Но и професори од нашата институција се поканети на други факултети.
19. Меѓународната соработка со исти или сродни факултети во странство во мометов постои, и е на високо ниво. Можеби во иднина би требало да се понудат заеднички проекти, па дури и студиски програми на втор или трет циклус.
20. Во однос на оспособувањето на студентите сметаме дека усмената комуникација е на високо ниво, но наставата треба да биде интерактивна и тој принцип треба да се применува повеќе. Комјутерската техника и другите современи технологии се применуваат речиси континуирано.
21. Изборот на дипломска работа, нејзиниот квалитет и застапеноста по предмети и изборот на комисијата, не задоволува секогаш. Затоа, сметаме дека тоа треба да се коригира и во иднина изборот на тема за дипломска работа, ментор и комисија за одбрана, да се верификува на Наставно-научен совет. Освен тоа, сметаме дека треба да се одбегнува често, изборот на дипломски работи да биде на исти предмети.
22. Во однос на уписите на нови студенти - новиот Деканат превзема интензивни активности и маркетиншки постапки со кои се истакнува вредноста на овие студии и веќе стануваме препознатливи на УКИМ.
23. Факултетот превзема активности и успеа да го издејствува законодавно прифаќање на номенклатурата на звањата и занимањата за кои Факултетот издава дипломи.
24. Факултетот да бара од државата да ги финансира работните места кои порано постоеле, а сега се укинати, како технички персонал.
25. Материјалните и просторните услови на Факултетот не задоволуваат. Факултетот ги користи сите објекти за теоретска и практична настава заедно со Спортската гимназија (средно училиште) и Спортската академија, и заради тоа мора да работи во смени, што е неприфатливо за факултетска установа. Бројот на амфитеатри, сали и лаборатории, исто така не е доволен или изостанува. Огромен проблем за Факултетот е салата која ја изгради Агенцијата за млади и спорт, бидејќи е изградена без парно греење. Заради тоа Факултетот не може да ја користи во зимските месеци за настава, а не може ниту да ја издава. Освен тоа, истата не е приклучена на канализација, па и тоа во иднина ќе биде проблем. Така се соочуваме со високи сметки за нејзино одржување, од една страна, а од друга страна заради нејзиното непотополно опремување не можеме да ја издаваме, за да покриеме дел

од нејзините трошоци на тој начин. За ова веќе е поднесено барање до Агенција за млади и спорт, која се надеваме дека во најблиска иднина ќе успее да го реши овој проблем.

26. Со оглед на тоа што при изградбата на новата сала, беа уништени неколку надворешни објекти (игралиште за кошарка, ракомет, фудбал и атлетска патека), поднесено е барање до Агенцијата за млади и спорт за повторна изградба на надворешни мултифункционални објекти.
27. Се применува Законот за високо образование, во смисол 40% од средствата да бидат искористени за наставно-научна работа.
28. Во однос на опремата за наставата - сите наставници имаат свои комјутери и принтери. Има вкупно 10 ЛЦД апарати и неколку скенери. Има интернет во сите кабинети.
29. Веќе се прават напори за да се обнови постоечката, но и да се набави нова современа опрема, која ќе може да се користи во Институтот за научно-истражувачката работа во спортот.
30. Библиотеката не е поврзана со интернет библиотеките во светот и нема можност да се нарачуваат книги и списанија. Во иднина ова треба да се промени.
31. Електронската евиденција на студентите и електронската евиденција за испитите, веќе функционира до трета година.
32. Од сите активности кои ги превземаат вработените на Факултетот на работното место, се одвојува процент за Факултетот, како одбрана на димпломски и магистерски работи и докторати, и таа практика треба да продолжи.
33. Начинот на финансирање Факултетот е регулиран со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултет за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" е објавен во Универзитетскиот гласник бр. 278 од 04.02.2014 год
34. Дел од финансиските средства кои доаѓаат на Факултетот по различни основи, се користат за плаќање на тековните сметки, за плаќање на техничкиот персонал за кој Владата не ни одобрува средства, но и за сумата од 5% која треба да се плаќа на Универзитетот, а што е законска обврска на сите факултети.
35. Факултетот да конкурира сам, но и со останатите сродни факултети, за повеќе и различни проекти, за да може и на тој начин да се обезбедат средства за купување на опрема на Факултетот и стекнување на искуство во однос на истражувачката работа.
36. За учество на конгрес Факултетот донира противредност од 300 евра, а за помладите колеги на кои им претстои резибор, со посебно барање е одобрена сума во противвреднсот од 500 евра.
37. За своите вработени Факултетот да обезбедува средства за едномесечен стручен престој во други сродни инстиуции во странство, заради размена на искуства, стекнување на нови сознанија во различни области и усовршување.

38. Факултетот да се обиде да организира секоја или барем секоја втора година конгрес.
39. Списанието (Ресеарцх ин пхxсицал едуцатион, спорт анд хеалтх), да продолжи да се печати и по можност да вклучува сé поголем број на автори од земјата и од странство.
40. Во тек се последните подготовки за да почне пред Нова година да се печати стручното списание Кондиција.
41. Направена е Монографија, која ќе биде промовирана до крајот на годината, со која го заокружува периодот од 35 години постоење на Факултетот (од 1977/78 година до 2012/13 година).
42. Њеб страната на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје постои повеќе години, и е постојано дополнувана со нови информации. Сега таа е целосно редизајнирана и навистина секојдневно се дополнува со сите нови информации кои им се потребни на студентите. Новина е што истата е достапна и во англиска верзија. На неа можат да се најдат сите информации за сите три циклуси на студирање (прв, втор и трет) кои им се потребни на студентите. На истата се наоѓаат и сите броеви на списанието Ресеарцх ин пхxсицал едуцатион, спорт анд хеалтх.
43. Да се бараат дополнителни часови по физичко и здравствено образование (секојдневно) кои ќе бидат противтежа на целодневното седење на учениците во училиште.
44. Поднесен е идеен проект и барање за реконструкција на административната зграда до Министерството за образование (Сектор за инвестиции), кои се веќе одобрени. Владата изготви идеен проект и донесе одлука да изгради нова зграда за Факултетот во наредните три години, и тоа во рамките на УКИМ.
45. Новиот Деканат аплицираше и до сега доби два проекти, каде носител е Факултетот за физичка култура, и тоа:
    - Континуирано усовршување или перманентна едукација на наставниците по физичко образование во Р. Македонија
    - Самовреднување и вреднување на наставата по физичко и здравствено образование во средните училишта во градот Скопје (проектот е веќе реализиран).
46. Во иднина, да се акредитира програма за втор и трет виклус студии и на англиски јазик.
47. Со оглед на тоа што просториите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје се наоѓаат во строг центар, се случуваше многу често на паркингот на Факултетот да паркираат и станари од околните згради, но и вработени во други институции од околината. Заради тоа често пати се случуваа помали и поголеми штети на возилата. Но од 2012 година Факултетот успеа да набави врата со картички само за вработените, па е надмината старата пракса и е невозможно други лица да го користат паркингот на Факулетот.
48. Мораме да напоменеме дека веќе три години Ректорот одвојува финансиски средства за да се формираат Универзитетски спортски

лиги во кошарка, ракомет, футсал и одбојка, во кои учествуваат сите факултети, а што претставува вистинска промоција на спортот. Притоа, натпреварите се играат во новата сала на Факултетот за физичка култура вНародни хероиг. Со оглед на тоа што целокупната организација на овие лиги му е препуштена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, сметаме дека Факултетот го доби заслуженото место и се надеваме дека ја оправдавме довербата. Претседател на Одборот за спорт е проф. Д-р Небојша Марковски.

49. Новиот Деканат набави спортска опрема за сите вработени - тренерки, маички, патики и ски опрема (скии, кондури, јакни, пантолони, ракавици) за професорите и асистентите.
50. Новиот Деканат направи договор со Т мобиле, со што сите вработени можеа да си одберат телефон во вредност од 6600 денари, и сите вработени добија службени броеви, со платен месечен надоместок во висина од 600 денари. Освен тоа, овој договор овозможува сите вработени да зборуваат бесплатно меѓу себе.

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**